# С О Д Р Ж И Н А

Заедница

Основање и први активности на заедницата ............... 2

Образовна програма

Вики Клубови ............. 3

Корисни линкови и медиуми ............. 4

Спроведени активности по датуми ............ 5

Постигнати резултати ............ 6

Здружението на граѓани ГЛАМ Македонија беше регистрирано во 2016 година, а од септември 2016 година делува како признат огранок во нашата земја, од страна на Фондацијата Викимедија. Фондацијата Викимедија е непрофитна меѓународна организација која ги координира активностите на признатите независни ограноци со кои ја има истата цел: збогатување на Википедија со содржини, како и останатите јазични Вики проекти.

## ЗАЕДНИЦА

### Активности на заедницата

Членовите кои се собраа околу идејата за основање и работа на здружението ГЛАМ Македонија ги започнаа првите чекори и активности во текот на 2016 година. Беше донесена одлука да се работи на неколку програми: образовна програма и ГЛАМ програма, односно соработка со ГЛАМ (галерии, библиотеки, архиви и музеи) и сродните институции.

Првиот грант што беше добиен од Фондацијата Викимедија, беше главно за да се покријат активности поврзани со образовната програма.

## ОБРАЗОВНА ПРОГРАМА

### ВИКИ КЛУБОВИ

Здружението ГЛАМ Македонија ги започна првите чекори и активности со образовната програма, односно со отворањето и одржувањето на првиот Вики Клуб, чија цел е обука на ученици за уредување на Википедија.

По потпишување на Договор за реализација на проектот Вики Клуб со НУ Музеј на македонската борба за државност и самостојност, Музеј на ВМРО и Музеј на жртвите на комунистичкиот режим, Скопје, како и потпишувањето на Меморандумот за соработка, се започна со подготовките за отворање и работа на првиот Вики Клуб во Република Македонија.

Првиот Вики Клуб во Македонија беше отворен во соработка со Музејот на македонската борба во Скопје, во просториите на Музејот. Првиот работен ден на Клубот беше 19 октомври 2016 година. Во Клубот на почеток членуваа ученици од пет различни основни и средни училишта од Скопје и околината, кои го посетуваа Клубот во слободно време како воншколска активност, а повеќето од нив доаѓаа со автобус.

Здружението ГЛАМ Македонија ги започна првите чекори во обука на ученици за уредување на Википедија со недостаток на компјутерска опрема за работа, односно на првата работна средба со првите ученици – членови на Вики Клубот, се работеше на само два лап-топ компјутери.

Претседателката на ГЛАМ Македонија наредниот ден се појави како гостин во популарното ТВ шоу „Јади бурек“, при што ја претстави идејата и почетокот на работата на Вики Клубот, и ги замоли гледачите за донација на користени компјутери. Во текот на наредните денови, Здружението доби 5 користени десктоп компјутери од граѓани, од кои само еден успеа да го опреми целосно, односно со монитор, глушец, тастатура и УСБ ви-фи адаптер.

Во текот на ноември 2016 година, се воспостави соработка со основното училиште „Свети Климент Охридски“ од Драчево, и дел од нивните ученици беа обучени за уредување на Википедија. Поради далечината на ова училиште од центарот на градот, односно од просториите во кои се одвиваа работните средби на Вики Клубот, Музејот на македонската борба, членовите-волонтери на ГЛАМ Македонија доаѓаа во училиштето во Драчево за одржување на средби.

Првиот уредувачки маратон со членовите на Вики Клубот беше одржан на 1 декември 2016 година, на кој учествуваа 7 ученици – членови на Вики Клубот. Темата на ова заедничко уредување беше Општина Карпош, а текстовите ги обезбедија вработените од општината. За време на тричасовното уредување, постоечката статија за Општина карпош беше надополнета со 17.550 бајти нови содржини.

До крајот на годината, 31 декември 2016 година, Вики Клубот во Скопје броеше 50 членови, кои сите заедно создадоа 71 нова статија, а дополнија 141 постоечка статија на Википедија на македонски јазик.




1. Првите членови по завршување на првата работна сесија, 19 октомври 2016 г.
2. Членовите на првиот едит-а-тон, 1 декември 2016 година.

## Корисни линкови

- https://outreachdashboard.wmflabs.org/courses/GLAM_Macedonia/WIKI_CLUB
- https://mk.wikipedia.org/wiki/Википедија:Вики_Клуб_Музеј_на_македонската_борба_во_Скопје
- https://www.youtube.com/watch?v=m0iluZVDwbc ТВ шоу „Јади бурек“
- http://www.mmb.org.mk/index.php/mk/nastani-mk/актуелни-настани/372-стартуваше-првиот-вики-клуб-во-македонија
- https://mk.wikipedia.org/wiki/Википедија:Уредувачки_маратон_-_Општина_Карпош
- Фотографии: Category:Wiki Clubs in Republic of Macedonia
  - https://outreach.wikimedia.org/wiki/Education/Newsletter/December_2016/First_Wiki_Club_in_Macedonia

## Спроведени активности во 2016, по датуми:

7 февруари 2016 година – одржано основачко собрание

7 февруари 2016 година – Здружение за умножување на слободни содржини ГЛАМ МАКЕДОНИЈА Скопје е регистрирано во Централен регистар на РМ

14 октомври 2016 година – потпишан Договор за реализација на проектот Вики Клуб со НУ Музеј на македонската борба за државност и самостојност, Музеј на ВМРО и Музеј на жртвите на комунистичкиот режим, Скопје

17 октомври 2016 година – потпишан Меморандум за соработка со НУ Музеј на македонската борба за државност и самостојност, Музеј на ВМРО и Музеј на жртвите на комунистичкиот режим, Скопје

26 септември 2016 година – ГЛАМ Македонија добива статус на признат огранок по поднесено барање

19 октомври 2016 година – Отворање на првиот Вики Клуб во Музеј на македонската борба

14 ноември 2016 година - Одобрен првиот грант од Фондацијата Викимедија за активности во висина од 1.186 евра.

1 декември 2016 година – Уредувачки маратон на тема: Општина Карпош

## Постигнати резултати во 2016 година:

Нови статии - 71

Дополнети статии - 141

Членови во Вики Клуб – 50

Вики Клуб - 1

Организирани настани  - 1